Swedbank
och Sparbankerna

# Сигурност во интернет-банкарството

За да може да се чувствувате сигурни кога ги вршите вашите банкарски работи по пат на интернет, имаме едно од најдобрите сигурносни решенија на пазарот. За да може да се гарантира дека токму вие се пријавувате во интернет-банка, ќе користете личен метод на идентификација, на пример, сигурносно кутиче со вашата шифра. Заедно, ние како банка и вие како клиент може да ги спречиме измамите на интернет.
Методот на идентификација што го користите за интернет-банкарство е личен документ. Секогаш заштитувајте ги шифрите и лозинките и не откривајте ги никому, дури ни на банката.

**За да го намалите ризикот, може да го направите следното**

- Секогаш внимавајте контролниот број што го внесувате во сигурносното кутиче
  - да почнува со 9 кога се пријавувате во интернет-банката со помош на контролниот број и шифрата за одговор*.
  - да се заснова на бројот на тековната или жиро-сметката што го внесувате кога регистрирате нов примател.
  - да почнува со 0 кога треба да се одобри износ при трансфер или плаќање (ако износот не е поголем од сто илјади).
- Секоја посета на интернет-банката да ја завршите со одјавување
- Редовно да го ажурирате прелистувачот, Java-програмите и оперативниот систем
- Користете ажурирана антивирусна програма и заштитен ѕид
- Сменете ја лозинката на вашиот „домашен рутер", така што да не биде стандардна лозинка на производувачот

* Кога се пријавувате со еднократна шифра, контролниот број нема да биде прикажан.

Не заборавете дека како клиент, банката никогаш нема да ви праќа е-пошта со којашто се бара од вас да дадете податоци за сметката, шифрите или да ја ажурирате или да преземете програми преку врска што се наоѓа во пораката. Ако не сте сигурни, не отворајте ги пораките или приложените датотеки што ги примате по пат на е-пошта.

**Повеќе информации за сигурноста**

За вашата одговорност и одговорноста на банката прочитајте повеќе на swedbank.se/sakerhet или повикајте ја службата за работа со клиенти на следниот телефонски број 0771-97 75 12.

Доколку имате прашања за вашата антивирусна програма или заштитниот ѕид, контактирајте го вашиот доставувач.